# ДЕЛОВНИК ЗА ИЗБОР И РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

# НА

# ПЛАТФОРМА ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИ ЗА БОРБА ПРОТИВ РАДИКАЛИЗАЦИЈА (Младите против насилство)

**Ноември, 2023**

## Содржина:

1. Надлежности на Управниот Одбор....................................................................3
2. Состав и структура на Управниот Одбор........................................................3
3. Постапка за избор на членови на Управен Одбор и функции.......................................5
4. Права, обврски и мандат на членовите на Управен Одбор...........................................5
5. Свикување и одржување на состаноците на Управен Одбор.......................................6
6. Водење на состаноците на Управен Одбор и одлучување............................................7
7. Документирање на работата на Управен Одбор...........................................................7
8. Технички аспекти на работата на Управен Одбор........................................................7

## 1. Надлежности на Управен Одбор – УО

Управниот одбор на Платформата за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство) ги има следните одговорности:

- Да го следи и спроведува Стратешкиот план на Платформата за периодот 2024-2025г;
- Да подготви годишна Програма за работа на Платформата;
- Разгледува барања за нови членства на Платформата, донесува одлука и ги известува организациите;
- Да дава стратешки насоки за спроведувањето на активности и настани во рамки на Платформата;
- Да го следи спроведувањето на работата на Платформата и да прави оценка на прогресот;
- Да дава предлози за нови членови на Платформата и учесници во активностите;
- Да поттикнува интерес и да ја промовира Платформата меѓу граѓанските организации и другите локални чинители;
- Да гради врски и да одржува комуникација со локалните актери, институциите, училиштата;
- Да ги поддржува процесите на застапување во име на Платформата;
- Да дава предлози за збогатување на содржините на он-лајн Платформата.

## 2. Состав и структура на УО

УО е составен од 5 или 7 членови, согласно бројот на номинирани претставници од членките на Платформата. Доколку е составен од 5 членови, УО го сочинуваат четирите претставници на партнерите во проектот, а останатиот еден член се бира од членките на Платформата. Додека пак, УО составен од 7 членови ќе го сочинуваат четирите претставници на партнерите во проектот, а останатите три члена се бираат од членките на Платформата. Од своите членови на УО се назначува Претседавач, заменик – Претседавач, како и координатор за административни процедури и координатор за комуникации.

➢ **Претседавачот со УО** е задолжен да свикува седници и претседава со нив. Покрај редовните седници, председавачот свикува седници на УО и на барање на членовите на УО или кога ќе се јави потреба за тоа. Претседавачот подготвува извештаи за работата на Платформата минимум два пати годишно, управува со официјалниот меил на

Платформата и ги потпишува актите кои ги донесува УО. Тој/таа ја насочува работата и дејствувањето на УО.

- **Заменик-Претседавачот** помага во работата на Претседавачот, одржува редовна комуникација со сите членови на УО и ги има сите права и обврски како и Претседавачот во случаите на негово/нејзино отсуство.

- **Координаторот за административни процедури** придонесува за ефикасно административно работење и ја поддржува работата на УО, врши подготовка на записници за работата на УО и листа на учесници од состаноците. Тој/таа одржува редовна комуникација со Претседавачот и членовите на УО.

- **Координаторот за комуникации** е задолжен за организирање на логистичките и комуникациските активности, поврзани со координирање на севкупната комуникација со јавноста и медиумите, организирање на конференции за медиуми (доколку има потреба), организирање на состаноци и обуки и подготовка на извештаи за комуникацијата.

**Сите членови на УО имаат обврска да ја промовираат и унапредат Платформата, како и да придонесат кон зголемување на бројот на членки и да ја прошират надвор од границите на државата, во регионот.**

**Асоцијативните членки** ќе ги уживаат истите бенефити како и членство од граѓанските организации, но без право на предлог на член во Управен одбор и без право на глас, а ќе имаат право да присуствуваат на состаноците на УО на ад-хок основа, во зависност од темите и нивниот интерес, како и ќе бидат вклучени во дискусии, давање на свои предлози и идеи за активности, проекти, соработки и сл.

На крајот од мандатот на УО, а врз основа на искуството низ процесот, се ревидира Деловникот за избор и работа на УО на Платформата, се одредува бројот на членките и се согледуваат нивните амбиции за развивање и унапредување на Платформата, односно се носи одлука за дали Платформата ќе се формализира во правно тело.

## 3. Постапка за избор на членови на УО и функции

Повикот за членови на УО го подготвува и објавува проектниот тим до завршување на проектот. По завршување на проектот, Повикот за членови на УО го подготвува и објавува Претседавачот на Платформата по претходно одржан состанок со членовите на УО и донесена одлука. Повикот се испраќа по маил до членките на Платформата со информации за правата и обврските за членовите на УО, како и формулар кој ќе треба да го пополни организацијата која номинира член за УО. Членовите се пријавуваат со мотивациско писмо и поддршка од организацијата преку пополнет формулар и потпишан од овластено лице на организацијата предлагач. Кандидатите е потребно да имаат искуство со работа во граѓански сектор, во областа на млади, борба против процесите на радикализација и насилен екстремизам. Претходно членство во управни одбори не е задолжително, но ќе се смета за предност.

Право на номинација на членови на УО имаат полноправните членки на Платформата, по претходно објавен повик за членови на УО.

Право на стекнување со функциите: Претседавач, заменик – Претседавач, координатор за административни процедури и координатор за комуникации имаат проектните партнери и полноправните членки на Платформата.

Изборот на членови на УО се врши на состанок со сите членки на Платформата. На состанокот, номинираните кандидати накратко се претставуваат, а потоа се гласа анонимно од страна на членките со право на глас. Секоја организација – членка има право на еден глас. Доколку двајца или повеќе кандидати имаат ист број гласови, се прегласува само за тие кандидати. Откако ќе се изберат членовите на Управен одбор, истите, гласаат за избор на Претседавач, заменик – Претседавач, Координатор за административни процедури и Координатор за комуникации.

## 4. Права, обврски и мандат на членовите на УО

Членовите на УО имаат право и должност да присуствуваат на седниците на УО, да предлагаат точки на дневен ред и слободно да го искажат своето мислење и став на состаноците.

Членовите на УО имаат обврска да ги читаат материјалите кои им се доставуваат и да доаѓаат подготвени на состаноците.

Членот на УО кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата, е должен благовремено да го извести Претседавачот на УО. Член на УО кој два пати последователно, без претходно навремено известување до Претседавачот на УО, отсуствува од седниците на УО, му престанува мандатот на член на УО. Во овој случај, Претседавачот на УО писмено го известува членот на УО дека му престанува мандатот и свикува состанок со останатите членови на УО за да се одлучи на кој начин ќе биде избран новиот член на УО. Мандатот на член на УО може да му престане и на негово писмено барање.

Мандатот на членовите на УО избрани од членките на Платформата трае една година  со право на реизбор.

По завршувањето на проектот, проектните партнерите, како членки во Платформата, ќе останат постојани членови во УО.

## 5. Свикување и одржување на состаноците на УО

Состаноците на УО се свикуваат најмалку 3 пати на годишно ниво, а по потреба и почесто. Седниците ги свикува претседавачот на УО по сопствена иницијатива или по барање од најмалку три члена од УО или од членството на Платформата.

Поканата за состаноците и дневниот ред за работа ги утврдува Претседавачот и во нацрт ги праќа до членовите на УО и членките во Платформата кои можат да предложат дополнителни точки за дискусија. Покана за седница на УО и предлогот дневен ред се доставува најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Кворум за работа постои ако се присутни минумум **3** члена (ако УО е составен од 5 члена) или **4 члена** на УО (ако УО е составен од 7 члена, при што барем 2 од нив се од проектните партнери).

Исто така, по потреба на состаноците на УО ќе може да се покануваат да присуствуваат општините, училиштата, локалните групи и други локални чинители повремено во зависност од потребата и темите на состаноците. Овие групи на чинители освен преку Меморандуми за соработка во рамки на проектот, ќе се вклучат и во процесите на консултација, преку онлајн прашалници, фокус групи, неформални средби и сл.

## 6. Водење на состаноците на УО и одлучување

Состаноците ќе ги претседава/фацилитира Претседавачот, односно во негово отсуство заменик - Претседавачот на УО. Работен јазик на состаноците ќе биде македонски, со можност за превод на албански јазик на материјалите за работа на состаноците.

Право на дискусија имаат сите присутни на состанокот. Право на глас имаат само членови на УО.

Своите одлуки/препораки УО ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на УО.

## 7. Документирање на работата на УО

Од секој состанок се подготвува листа на учесници и записник.

Записникот го подготвува координаторот за административни процедури или во негово отсуство по договор било кој од присутните членови на состанокот на УО.

Записникот се праќа да биде потврден од оние членови кои биле присутни на состанокот. После потврдувањето на записникот истиот се праќа до сите членки на Платформата.

## 8. Технички аспекти на работата на УО

Учеството на членовите на УО е на волонтерска основа.

На крајот на секој мандат на УО се разгледува работата на Платформата и врз таа основа се даваат предлози за промена или дополнителни точки на Деловодникот. Доколку во текот на годината се увиди дека некоја точка од Деловодникот претставува пречка за функционирање на УО и Платформата, на барање на најмалку 3 членови на УО истата може да се разгледа и измени со одлука на УО. По неговата измена се праќа до членовите на УО и во рок од 5 дена, доколку никој нема забелешки, Деловникот стапува во сила.